**IN MEMORIAM** *УДК: 929Симоновска, С.*

# ЖИВОТ ПОСВЕТЕН НА РОДОВИТЕ СТУДИИ, ЕТИКАТА И АНТРОПОЛОГИЈАТА: *ЛИКОТ И ДЕЛОТО НА ПРОФ. Д-Р* СУЗАНА СИМОНОВСКА (18 јуни 1963 – 30 јануари 2025)

Со длабока тага и неизмерна болка ја примивме веста за прераната смрт на нашата почитувана и искрено сакана професорка, д-р Сузана Симоновска. Таа не беше само извонредна професорка, туку и личност со ретка човечка топлина, чиј ведар дух оставаа длабоки траги врз сите колеги/колешки, студенти/студентки и сите што ја имаа честа да ја запознаат и да соработуваат со неа. Нејзината постојана насмевка, духовитоста со која ги пренесуваше своите животни искуства, и ненаметливите, а сепак остроумни совети, остануваат длабоко врежани во сеќавањето на нејзините колеги/колешки, соработници и студенти/студентки, како јасен белег за нејзиниот убав карактер и доблесна душа.

Нејзиното присуство внесуваше посебна ведрина и живост во академското секојдневие на Филозофскиот факултет. Осветлени со нејзината искрена насмевка и непосреден пристап, библиотеките и предавалните беа исполнети со нејзината комуникативност, надареност и инспиративност, а нејзината подготвеност секогаш да слуша и да поддржи, оставаа позитивен впечаток и белег кај секој од нас. Нејзиното чувство за хумор, интелигенција, суптилност и длабока човечност – не беа само начин за зближување, туку и израз на искрена и длабока животна мудрост, искуство и ведрина.

Проф. д-р Сузана Симоновска (18.VI 1963 – 30.I2025) беше филозоф, антрополог и етичар. Симоновска, дипломирала во 1987 година, а магистрирала 1994 година на Институтот за филозофија, при Филозофскиот факултет во Скопје. Докторската дисертација под наслов Техничките можности и духот ја одбранила во јули 2002 година на Филозфскиот факултет во Скопје, и се стекнала со научниот степен доктор по филозофски науки. Во февруари 1988 година се вработува како помлада асистентка на Филозфскиот факултет во Скопје, при тогашниот Институт за марксизам. Во 1995 година е избрана во звањето асистент по предметите Филозофија на техниката и Антропологија на Катедрата за хуманистички студии. Во 2003 година е избрана во наставно-научното звање доцент по истите предмети. Во звање вонреден професор е избрана во декември 2007 година, за научните области (дисциплини): филозофија на техниката, културна антропологија, етика и социјална антропологија. Од 2008 година проф. д-р Сузана Симоновска изведува настава и на Институт за родови студии при Филозофскиот факултет во Скопје. Од октомври 2012 година е редовна професорка на Институтот за родови студии, а во 2017 година е реизбрана во звањето редовен професор за научните области (дисциплини): историја на

родот и полот, етика, социјална и културна антропологија. Била раководителка на Институтот за родови студии (2017 – 2024); членка на факултетски комисии; членка на управниот одбор на ХЕРА; членка на Филозофското друштво на Македонија; членка на Совет на експерти на Центарот за биоетика на Филозофскиот факултет во Скопје; учество во реализацијата на меѓународниот проект со наслов: „Феминистичка етика: пролегомена за реалистичка дискурзивна теорија на феминистичкиот морал", под покровителство на проф. д-р Аксел Хонет (Универзитет Ј„охан Волфган Гете" – Франкфурт/Универзитет Колумбија/Њујорк); консултантка во рамките на проектот „Младите луѓе и младите со попреченост во Македонија, имаат пристап до сеопфатно сексуално образование", инициран од ХЕРА.

Проф. д-р Сузана Симоновска, заедно со проф. д-р Слободанка Марковска, проф. д-р Денко Скаловски и проф. д-р Владимир Давчев, активно се вклучила во процесот на формирањето на Институтот за родови студии при Филозофскиот факултет во Скопје, каде во 2008 година овој институт и официјално започнува со работа на Филозофскиот факултет во Скопје. Како една од иницијаторките и учеснички во проектот за основање на Институтот, нејзиниот придонес е суштински за етаблирањето на родовите студии како легитимна, интердисциплинарна и релевантна област на истражување, притоа придонесувајќи за зголемена свест, критичка мисла и институционално признавање на прашањата поврзани со родовата рамноправност во македонското општество.Исто така, проф. Симоновска во 2013 година учествувала и во проектот за основање на Институтот за семејни студии при Филозофскиот факултет, како член на тимот за подготовка на елаборатот за изработка на новата студиската програма. Проф. д-р Сузана Симоновска била менторка на голем број дипломски трудови и магистерски тези, како и на две докторски дисертации.

Таа има објавено повеќе научни и стручни трудови, предговори и критички осврти од областа на филозофијата и родовите студии. Таа е авторка на книгите Митко Илиевски – филозофски профил, 1995; Духовноста во ерата на техниката, 2008; Етиката и родот (коавтор), 2012; Антропологија – зборник текстови (коуредник) 1999; Родовата практика на универзитетите во РМ – вклученост/исклученост на жените во телата и процесите на донесување одлуки, (коавтор) 2011; Симоновска учествувала во тимот за реализација на проектот за превод на петтомната едиција Историја на жените од уредниците Диби, Ж., Перо, М.

Во научно-истражувачкиот опит на проф. д-р Сузана Симоновска се издвојува конзистентниот и длабински пристап на клучните филозофски прашања поврзани со човекот, општеството и етиката. Во нејзините трудови се препознава стремеж кон холистичко и критичко разбирање на современиот човек во контекст на неговата самоидентификација низ времето и просторот. Нејзиниот теоретски пристап успешно ја поврзува класичната филозофска мисла со современите критички и интердисциплинарни перспективи, пред сè оние што произлегуваат од феминистичката

теорија, етиката и антропологијата, при што таа создава аналитичка рамка која овозможува аналитичен, продлабочен, ангажиран и контекстуално сензитивен и чувствителн пристап кон општествената стварност. Нејзиното научно творештво открива еден исклучителен придонес кон развојот и продлабочувањето на научната мисла, особено во полето на филозофијата, етиката, родовите студии и антропологијата.

Овде ќе издвојам дел од нејзините научни трудови: Некои аспекти на теоријата на познанието на Митко Илиевски, 1994; Хуманистичката мисла и духот на времето, 1997; Ламетри и крајот на милениумот, 1999; Мишел Фуко и новите форми на знаење како моќ и доминација, 2003; Етичките димензии на генетичкиот инженеринг, 2006; Во светот на симулација и симулакруми, 2007; Феминистичка етика – одговор на елитизмот, сексизмот и родовите обрасци во моралот, 2010; Различните општествени димензии на поимите време и работа за мажите и жените[1], 2011; High Education in the Balkans and the Inclusion of Women[2], 2016; Етиката и социјалната работа[3], 2016; Sexual Violence in Marriage and Intimate Relationships: Synthetic View About Macedonia[4], 2016; „Новата" глобална поделба на трудот промислена низ призмата на родот и класните разлики: текстилната индустрија и затворскиот труд[5], 2019; Concerns of Regular Teachers About Inclusive Education of Students with Disabilities[6], 2020; Културните концепции за машкост и женственоста: дивергенција на маскулинистичка и феминистичка култура[7], 2023; Предизвиците на сексуалното и репродуктивно здравје и права на девојчињата и младите жени со попреченост[8], 2023; The Transformation of Fatherhood in the Modern Family[9], 2025;

Но, тука не запираше нејзиниот ангажман. Особено значаен е нејзиниот придонес во иницирањето и унапредувањето на јавната дебата за воведување на сексуалното образование во македонскиот образовен систем. Проф. д-р Сузана Симоновска беше една од ретките кои доследно и аргументирано ја застапуваа потребата од сеопфатно сексуално образование, засновано на научни и етички принципи. Таа беше член на Работната

[1]Коавторство со Елена Спасовска

[2]Коавторство со Далибор Јовановски

[3]Коавторство со Билјана Нацковска-Вељковиќ

[4]Коавторство со Весна Димитриевска

[5]Коавторство со Неда Петковска

[6] Коавторствосо Даниела Димитрова-Радојичиќ и Зоран Киткањ

[7]Коавторство со Стефан Васев

[8]Коавторство со Стефан Васев

[9]Коавторство со Стефан Васев

група за унапредување на соработката со академската јавност и унапредување на наставните програми во рамките на проектот „Сеопфатно сексуално образование", национален проект иницииран од ХЕРА, при што, во таа прилика таа го објавува и нејзиниот труд Концептот на сеопфатно сексуално образование, 2014. Различните прашања и дилеми поврзани со родовите разлики, потребата од воведување на сексуалното образование и подобрувањето на квалитетот на живот,Симоновска ги актуализира и со своето активно учество на национални и меѓународни научностручни собири.На научно-стручниот собир „Консултации за образование за сексуално и репродуктивно здравје", одржан на Филозофскиот факултет во Скопје (28. X2016) Симоновска одржала секциско предавање на тема Што друго, освен за здравје, треба да се дискутира на часовите по сексуално образование. На регионалната конференција „Детството во фокусот – потребата за воведување на заедничко родителство и развој во Македонија и влијанието на овој концепт врз остварувањето на правата на детето", (21.III2017)одржана во Скопје, таа настапила како панелистка со предавање на тема Концептот на заедничко родителство и родовата еднаквост.

Проф. д-р Сузана Симоновска бешеизвонредна личност со длабоко втемелен осет за македонската културна, филозофска и општествена мисла. Таа на многу инспиративен начин знаеше да ги пренесе своите знаења низ предавања, консултации, интерни читанки, јавни настапи и научни трудови, со што постојано го отвораше просторот за критичко размислување и дијалог. Со нејзиното прерано заминување, нејзиното семејство, колегите и колешките од академската заедница, идните генерации студенти и студентки, како и целото македонско општество изгубија голема мислителка чија појава остави неизбришлива трага.

Денко Скаловски
Стефан Васев